## *За УНИ банка 2006 најуспешна година*

Минатата година беше една од најуспешните години за УНИ банка од нејзиното постоење. Активата на банката во однос на 2005 година е заголемена за 55 отсто. Приходите од камати се поголеми за 80 отсто, а од провизии за 75 отсто. Пораст им аи кај депозитите од физички и правни лица од 80 отсто, и кај пласманите, од 77 проценти. Лани банката издала 70.000 платежни картички со чип, а покрива 50 отсто од вкупната мрежа на банкомати во Македонија. Од Годишниот извештај на УНИ банка за 2006 година, кој ќе биде објавен деновиве, се гледа дека е објавена добивка од 62.392.069 денари, само од оперативното работење. "Споредно со добивката од 2005 година која изнесуваше 93.740.978 денари, при што од оперативното работење се 20.376.000 денари, а остатокот е од продажба на стари побарувања, се гледа дека е постигнато зголемување на профитот од оперативното работење за повеќе од три пати", соопшти банката.

*Дневник, 12 март 2007*

назад